# Изборите под канонада

## на дезинформации и говор на омраза




Локални избори 2021: мониторинг | извештаи | разобличување

# Изборите под канонада
## на дезинформации и говор на омраза

Локални избори 2021: мониторинг | извештаи | разобличување

Botschaft
der Bundesrepublik Deutschland
Skopje

NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

CIVICA MOBILITAS

ЦИВИЛ
2022

# ИМПРЕСУМ

**Изборите под канонада на дезинформации и говор на омраза**
(мониторинг, извештаи, разобличување)
**Издавач:** ЦИВИЛ - Центар за слобода
**За издавачот:** Џабир Дерала
**Уредник и автор:** Дехран Муратов
**Уреднички колегиум:** Дијана Тахири, Драган Мишев, Биљана Јордановска, Џабир Дерала.
**Координаторка на Мониторинг тимот на ЦИВИЛ:** Соња Ефтовска
**Проект координатор:** Горан Наумовски
**ДТП:** Ариан Мехмети
**Јазична редакција:** Наташа Цветковска и Вјоса Ајдини (превод)
м-р Гордана Ацеска (лекторка)
**Веб администрација и сајбер безбедност:** Филип Петровски, Петар Ордaноски
**Печати:** МултиПринтУниверзал, Скопје
**Тираж: 100**

Публикацијата е достапна и на медиумската платформа на ЦИВИЛ.

Ставовите изнесени во оваа публикација се одговорност на ЦИВИЛ и на авторот и не ги одразува ставовите на донаторите.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.647.5:[342.8:352(497.7)"2021"
316.776.23:[342.8:352(497.7)"2021"
323.266:[342.8:352(497.7)"2021"

МУРАТОВ, Дехран
Изборите под канонада на дезинформации и говор на омраза : локални избори 2021 : мониторинг, извештаи, разобличување / [автор Дехран Муратов]. - Скопје : Цивил - Центар за слобода, 2022. - 21 стр. : илустр. ; 30 cм

ISBN 978-608-4815-34-1

а) Говор на омраза -- Локални избори -- Македонија -- 2021 б) Дезинформации -- Локални избори -- Македонија -- 2021

COBISS.MK-ID 56589829

# СОДРЖИНА

**04 ВОВЕД Говорот на омраза, лажни вестите и дезинформациите ги шират луѓе, а не самите (социјални) медиуми - Дехран Муратов**

**05 Талибанците на Левица се закануваат дека ќе влечат на хауби граѓански активисти и партиски неистомисленици**

**05 „Консензус“ меѓу политичарите: Се води предвремена изборна кампања**

**08 Кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Кисела Вода со злоупотреба на деца во изборна кампања**

**09 Црна кампања, летоци против кандидатот на СДСМ за градоначалник на Кочани**

**09 Партија за демократски просперитет на Ромите со злоупотреба на деца за политичка кампања**

**10 Во навредливата кампања против Шилегов се вклучи и екс-пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, оперскиот пеач Дурловски**

**11 ВМРО-ДПМНЕ со црна кампања против Шилегов**

**12 Изборни инциденти, тепачки, закани, заплашувања…**

**13 Говор на омраза по партиска и етничка припадност**

**14 Кршење на изборен молк, говор на омраза, манипулации со факти и директни закани против**

**15 Шилегов: Лажна вест е дека син ми има сопственост на деловен простор во новоотворениот Ист Гејт, „привезокот“ Апасиев дообработува за газдата**

**15 Тензично во Кочани, уредник на еден портал се заканува со убивање**

**15 Ромска „Јавна соба“ на Фејсбук со компромитирачки фотографии и видеа од жени и девојки Ромки**

**17 „Левичарите“ се закануваат со „долги деветки“**

**20 Шампиони во олимписка дисциплина – лажни вести, кој патувал а кој не во Токио на државна сметка?**

# Говорот на омраза, лажни вестите и дезинформациите ги шират луѓе, а не самите (социјални) медиуми



**Дехран Муратов**

Ширењето на лажни вести и дезинформации најчесто имаат за цел да нарушат нечиј углед или да остварат профит. Често ширењето на дезинформации доаѓа од центри на моќ, политички или комерцијални субјекти, за да остварат влијание и побргу да стигнуваат до поголема таргетирана публика.

Лажните вести ги шират луѓе, односно субјекти што имаат свое име и презиме или идентитет, а не самите социјални медиуми. Исто така креаторите и ширачите на лажни вести и дезинформации поттикнуваат говор на омраза, а неретко и дела од омраза.

Информацискиот хаос, преку еден клик на примамливиот, најчесто сензационалистички наслов, водат до море од дезинформации и лажни вести, кои покрај недостиг од медиумска писменост, влијаат погубно врз консументите, јавното мислење и довербата во институциите. Главната причина поради која социјалните медиуми најдиректно се поврзуваат со лажните вести е брзината со која денес може да патува информацијата преку различните интернет-платформи.

Слободата на изразување, но и генерално корпусот на човекови права и слободи мора секојдневно да се унапредува, бидејќи само слободни граѓани можат да градат слободна мисла, личен став и интегритет, а развивањето на овие карактеристики е исто така клучно за долгорочна и целосна победа против лажните вести и теориите на заговор.

# Талибанците на Левица се заканувааат дека ќе влечат на хауби граѓански активисти и партиски неистомисленици

„Во Авганистан се држеа за карго авион, кај нас ќе трчаат по автобуси. Ловењето на партиски и невладини ботови ќе прерасне во национален спорт. Ќе ги сликаме како трофеи, врзани на хауба", вака гласи заканувачката порака на Твитер на извесен „Капетански дневник".




Оваа заканувачка порака му се допаѓа на лидерот на Левица, Димитар Апасиев.




Ова не е прва негова заканувачка порака. Во април годинава, ЦИВИЛ објави уште еден извештај за овој познат креатор на објави со говор на омраза и повици на насилство, кога тој се закани со „долги деветки".

Очигледно анонимниот партиски бот на Левица е обичен хушкач кој има задача да ги подбуцнува граѓан(к)ите. Еден негов пост гласи „Таа што ќе спалува бегалски кампови со тебе, таа чувај ја пријателе".

ЦИВИЛ – Центар за слобода уште еднаш упатува повик до релевантните институции, како што се Основното јавно обвинителство и Секторот за




компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР да го лоцираат администраторот на овој профил кој повикува на поделби, омраза и екстремно насилство и соодветно да го санкционираат.

# „Консензус" меѓу политичарите: Се води предвремена изборна кампања

Иако не е официјално, веќе одамна е започната предизборната кампања за локалните избори кои треба да се одржат на 17 октомври 2021 година. Кампањата ја започнаа без исклучок сите политички партии, без оглед на тоа дали станува збор за претставници на опозицијата или на власта.




**СПОНЗОРИРАНА ПРЕДИЗБОРНА КАМПАЊА**

Кандидатите за градоначалници и советници,

како и симпатизерите и членовите на политичките партии, веќе се на терен и остваруваат средба со граѓан(к)ите за да им ги претставуваат нивните програми. Исто така дел од кандидатите за градоначалници преку спонзорирани содржини на социјалните мрежи се промовираат и ја бараат поддршката на граѓаните. Во некои населени места веќе се ставени во функција партиските штабови.




Спонзорирана содржина на Фејсбук од СДСМ има и од министерот за внатрешни работи, и потпретседател на СДСМ, Оливер Спасовски, кој во име на неговата матична партија истакна дека ***„СДСМ е фаворит, затоа секојдневно сме меѓу граѓаните, затоа ќе победиме!"***.

Спасовски не е кандидат ниту за градоначалник ниту за носител на советничка листа. Овие избори се локални и граѓаните гластаат пред сè за личност, а не за партија. Законски можеби има право да биде дел од кампањата на СДСМ, меѓутоа како министер за внатрешни работи испраќа лоша порака и несигурност кај тие што не се членови или симпатизери на владеачката партија.

## ЦРНА КАМПАЊА

Иако декларативно политичките чинители се залагаат дека ќе водат фер и демократска кампања, сепак Мониторинг тимот на ЦИВИЛ забележува дека веќе е започната црна пропаганда на социјалните мрежи, поткрепена со




лажни вести, дезинформации и говор на омраза. Изминатите неколку денови главна тема на политичките партии е трагичниот настан во тетовската модуларна болница во која загинаа 14 лица. Опозицијата бара оставки од премиерот Зоран Заев, министерот и заменик министерот за здравство, Венко Филипче и Илир Хасани. Деновиве на социјалните мрежи се шири пропагандно видео, без нарачател, во кое се прикажани сцени од болницата како гори и се бара оставка од Заев и Филипче. Пропагандното видео на социјалните мрежи го шират пред сè анонимни профили, но исто така и членови или симпатизери на опозицијата.
Опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ, со



спонзорирана видео содржина ја започна црната кампања против актуелниот градоначалник и кандидат за Град Скопје, Петре Шилегов.




**(НЕ)ОФИЦИЈАЛНА ПРЕДИЗБОРНА КАМПАЊА**
Изборната кампања официјално треба да започне 20 дена пред изборите што ќе се одржат на 17 октомври, но, политичките партии веќе започнаа со предвремена изборна кампања.
Според сегашниот закон всушност и нема официјален почеток на кампањата, бидејќи изборите се распишани на 6 август и се до започнување на официјалната кампања на 27 септември, останува тој простор нерегулиран, што им остава простор на политичките партии да прават буквално што сакаат.
ЦИВИЛ бара од политичките партии да го почитуваат Изборниот законик или да го сменат со консензус, бидејќи вака како што е ги користат „дупките во законот" и го прекршуваат, со консензус.

**ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА И ДРЖАВНИ РЕСУРСИ**
И покрај повиците и аплите децата и малолетниците никако да не се злоупотребуваат за политички цели и да не се вклучуваат во кампањите на политичките партии, сепак и на овие локални избори има злоупотреба на деца.
Директорот на ЈП Паркови и зеленило и носител на листа на Совет на ДУИ за Град Скопје, Ардијан Муча, објави пропагандно видео во кое на мало девојче ѝ го покажува зеленилото во Скопје.
Видеото завршува дека е снимено од ЈП Паркови и зеленило, што може да се заклучи дека за ова видео се издвоени јавни пари за промоција на „зеленилото" во Скопје, но и канидатурата дека е носител на листа на политичката партија ДУИ. Во овој случај има злоупотреба и на деца и на јавни ресурси за да ја промовира канидатурата.




И кандидатот за градоначалник на СДСМ, за општина Илинден, Александар Тодоровски ги злоупотреби децата за партиски цели со тоа што на првиот ден од учебната година, пред училишниот двор на дечињата им делел пакети со школски прибор, но пакетите беа со партиски обележја. Тој самиот објавил на Фејсбук страната на СДСМ Илинден.




**ПРЕПОРАКИТЕ ОД ЦИВИЛ**
ЦИВИЛ, како и досега, бара од партиите, но и од родителите да ги почитуваат правата на децата и да ги оставаат надвор од политиката! Децата и малолетниците никако не смее да се злоупотребуваат за политички цели и не смее да се вклучуваат во кампањите на политичките партии! За секоја злоупотреба на децата, бараме соодветна законска реакција од институциите и ја повикуваме јавноста остро да ја осуди и отфрли злоупотребата на децата и малолетниците.

Во пресрет на локалните избори, ЦИВИЛ ги повикува сите учесници во изборниот процес максимално да ги почитуваат добрите изборни практики, демократските стандарди и законските регулативи и да придонесат кон слободни, фер и безбедни избори.

# Кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Кисела Вода со злоупотреба на деца во изборна кампања

Кандидатот за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ на Кисела Вода, Орце Ѓорѓиевски, заедно со УМС Кисела Вода и Унија на жени ги злоупотребуваат децата за предизборна кампања. Тие на 3 септември поделиле школски прибор на неколку семејства.




„Иднината на едно општество зависи од квалитетот на младите во истото, а квалитетот на младите зависи од образованието без разлика дали станува збор за формално или неформално! Затоа денес УМС Кисела Вода заедно со Унијата на жени и идниот градоначалник на општина Кисела Вода Орце Ѓорѓиевски посетивме неколку семејства каде што подаривме школски прибор на дечињата со цел поуспешна и полесна да им биде претстојната школска година", стои во објавата на Фејсбук страната на УМС Кисела Вода.
Со тоа што ги покриле лицата на децата е своевидно признание дека овој чин всушност е политичка кампања.

Покрај очигледната злоупотреба на деца,



донирањето на школски прибор може да се смета и за поткуп на родителите за локалните избори.
ЦИВИЛ, како и досега, бара од партиите, но и од родителите да ги почитуваат правата на децата и да ги оставаат надвор од политиката! Децата и малолетниците никако не смее да се злоупотребуваат за политички цели и не смее да се вклучуваат во кампањите на политичките партии! За секоја злоупотреба на децата, бараме соодветна законска реакција од институциите и ја повикуваме јавноста остро да ја осуди и отфрли злоупотребата на децата и малолетниците.

# Црна кампања, летоци против кандидатот на СДСМ за градоначалник на Кочани

Уште на самиот почеток на изборната кампања за локалните избори кои ќе се одржат на 17 октомври, веќе почна црната кампања во Кочани против актуелниот градоначалник и кандидат на СДСМ за оваа функција, Николчо Илијев.
Во текот на ноќта, во градот се расфрлени летоци со порака: „Зошто ме присиливте", „Илјада пати кажав не за втор мандат!". Според инфромациите на набљудувачи на Цивил од теренот, летоците биле расфрлени од активисти на опозициската ВМРО-ДПМНЕ.




Црна кампања против Николчо Илијев, кандидат на СДСМ за градоначалник на Кочани

Од друга страна, политичките партии и кандидатите за градоначалници пред да започне изборната кампања за локалните избори потпишаа Кодекс за фер и демократски избори. Според тоа што се случува, очигледно, заложбите од Кодексот се само на хартија, додека на терен партиските активисти и официјалната кампања ја започнаа со црна пропаганда.
ЦИВИЛ ги повикува партиите да го почитуваат Кодексот што го потпишале и да се фокусираат на понудата доо граѓаните наместо на оцрнување на противниците. Воедно, граѓаните се повикуваат да не подлегнуваат на објави од ваков тип, без оглед од која партија доаѓаат, и да се фокусираат на анализирање на понудата на политичките партии и нејзината остварливост за подобрување на нивниот живот и околина.

# Партија за демократски просперитет на Ромите со злоупотреба на деца за политичка кампања

Лидерот на Партија за демократски просперитет на Ромите (ПДПР), Аксел Ахмедовски, ја сподели на Фејсбук објавата на претседателот на ОО ПДРП с. Црник, во која има фотографии од злоупотреба на деца за политички цели на (30 септември).

„Задоволство е кога млади,стручни,чесни кандидати а особено пак женски лица се охрабруваат да се вклучат во кандидатски листи за советници за да учествуваат во креирање на општествени политики како што е случајот со Сабина Јашарова. Целосен респект кон Сабина бидејки е прав избор за најдоброто на Општина Пехчево и посебно за с. Црник,како и кандидатот за Градоначалник, Славчо Пандурски", пишува Ахмедовски.

Според Член 12 став 4 од Закон за заштита на децата:
„Се забранува злоупотреба на децата поради политичко и верско организирање и дејствување".




ЦИВИЛ, како и досега, бара од партиите, но и од родителите да ги почитуваат правата на децата и да ги оставаат надвор од политиката! Децата и малолетниците никако не смее да се злоупотребуваат за политички цели и не смее да се вклучуваат во кампањите на политичките партии!

# Во навредливата кампања против Шилегов се вклучи и екс-пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, оперскиот пеач Дурловски

Навредлива кампања против актуелниот градоначалник на Град Скопје и кандидат на СДСМ за уште еден мандат Петре Шилегов, која предизвикува коментари со говор на омраза. Твитер профилот Миринда објави фотошопирана фотографија од Шилегов во која пишува „Пијаницата за Скопје“, со коментар „За кого не







треба да гласате на избори“.

Правниот експерт на ЦИВИЛ вели дека ова е невредлива кампања и претставува исмејување на кандидатот.

„Кандидатот може да го пријави твитер профилот, да бара отстранување на навредливата содржина




и извинување, а ако сака потоа и судска постапка да покрене".
Во ваквата навредлива и ниска кампања се вклучи и екс-пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, оперскиот пеач Игор Дурловски кој објави вест од Денешен весник со фотошопирана фотографија од Шилегов со коментар: „Пијан маж, пријавен за исчезнат, се вклучил како доброволец во сопствената потрага".

Дел од твитерџиите му коментираа дека се работи за фотошоп и дека е лажна вест, но сепак не ја избриша објавата.

Заложбите од Кодексот за фер и демократски избори се само на хартија, додека на социјалните мрежи партиските активисти ги оцрнуваат и навредуваат противкандидатите.
ЦИВИЛ ги повикува партиите да го почитуваат Кодексот што го потпишале и да се фокусираат на понудата до граѓаните наместо на оцрнување на противниците. Воедно, граѓаните се повикуваат да не подлегнуваат на објави од ваков тип, без оглед од која партија доаѓаат, и да се фокусираат на анализирање на понудата на политичките партии и нејзината остварливост за подобрување на нивниот живот и околина.

# ВМРО-ДПМНЕ со црна кампања против Шилегов




Продолжува црната кампања против актуелниот градоначалник на Град Скопје и кандидатот на СДСМ, Петре Шилегов. ВМРО-ДПМНЕ со спонзорирана содржина на Фејсбук објави видео во кое меѓу другото се вели: „Мојот градоначалник си потпивнувал во кафана постојано и таму вклучувал зделки".

„Мојот градоначалник знае да намести тендер многу стручно и професионално. Мојот градоначалник краде. Мојот градоначалник си потпивнувал во кафана постојано и таму вклучувал зделки. Но битно знае што сака и зема што сака. мојот градоначалник со прст нема мрднато за својот град. Најлошото за мојата општина", се вели во пропагандното видео на ВМРО-ДПМНЕ.
Политичките партии и кандидатите за градоначалници пред да започне изборната кампања за локалните избори потпишаа Кодекс за фер и демократски избори. Според тоа што се случува, очигледно, заложбите од Кодексот се само на хартија, додека во пракса се води црна и навредлива кампања.
ЦИВИЛ ги повикува партиите да го почитуваат Кодексот што го потпишале и да се фокусираат на понудата до граѓаните наместо на оцрнување на противниците.

# Изборни инциденти, тепачки, закани, заплашувања...

Изборната кампања се повеќе се разжестува, па така, освен вербални дуели, почнаа и физички пресметки. Изминатиот викенд се регистрирани неколку инциденти меѓу политичките противници, односно тепачки и физички напади. Но, покрај физичките напади, не изостанаа ниту заканите кон политичките неистомисленици, каков што е случајот во кој обезбедувањето на Мицкоски се заканувал на граѓанин од Вевчани дека „ќе види кога ќе дојдат на власт".

Боксерска пресметка на идни советници во општина Куманово од СДСМ и „За наше Куманово"

Пријава во полицијата, за физички напад, поднеле двајца идни советници во Советот на Општина Куманово, Реџеп Реџеповски од независната листа „За наше Куманово" и Самет Салиевски од СДСМ. Инцидентот се случил завчера (23.10.2021) околу 14 часот во кумановската населба Средорек каде што живеат поголем број жители од ромската етничка заедница. Тепачката прво ја пријавил Реџеповски, а потоа стигнала пријава и од Салиевски. Од СВР Куманово велат дека работат на расчистување на случајот.

Обезбедувањето на Мицкоски со закани кон граѓанин – „ќе видиш ти кога ќе дојдеме на власт"

Обезбедувањето на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, му се заканувало на еден граѓанин од Вевчани, го легитимирало и ја фотографирало неговата лична исправа, за време на митингот под мотото „Создади нова иднина", што партијата го одржа вчера, (24 октомври). Случајот е пријавен во полиција.

„Додека врмовците од Вевчани викаа „УА" по Зоран Заев и никој физички не им се спротивстави, денес, нападнат е Танче Шекуткоски од страна на обезбедувањето на Мицкоски, затоа што е негов неистомисленик и му викна МРШ на собирот на ДПМНЕ. Обезбедувањево му ја зеде личната карта и му ја слика, па потоа му се закануваше. Уште недојдени на власт, на нероден Петко капа му кројат. Режимот тропа на врата, но никогаш повеќе нема да се врати! Одамна е завршено времето на закани и уцени", стои во реакцијата на Воислав Попески од СДММ Вевчани.

„Дотичниот Христијан Мицкоски вечерва (24.10.2021) дојде во Вевчани за преку своето обезбедување да врши притисок и закани кон неистомисленици! Во центарот на Вевчани бевме сведоци со какви методи владееше режимот 11 години и дека не се промениле за милиметар. Матрицата на ДПМНЕ не се сменила. Напротив, желбата за власт и лична корист пораснала уште повеќе", истакнаа од СДСМ Вевчани.

Членови на СДСМ Василево физички нападанти од кандидатот за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ

Активисти и членови на СДСМ Василево обвинуваат дека в недела (24.10.2021) кандидатот за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ, Славе Андонов, и неговите сопартијци се обиделе да ги попречат, а потоа и физички ги нападнале додека оделе во кампања од врата на врата.

„ВМРО ДПМНЕ и кандидатот за градоначалник за општина Василево Славе Андонов освен што продолжуваат со валканата изборна кампања се служаат и со физички напади. Наши активисти, извршувајки предизборни активности во Василево со цел да се презентира нашата програма, физички се нападнати од кандидатот Славе Андонов и нивниот активист Александар Василев. Физичкиот напад на четворица наши сопартијци веднаш е пријавени во СВР Струмица кои веќе дадоа искази во полицијаа за бруталното однесување на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Василево, Славе Андонов. Бараме надлежните институции веднаш да го расветлат случајот, а сторителите на овој чин да одговараат пред лицето на правдата, независно дека се учесници во изборна трка", се вили во соопштението на ОО СДСМ Василево.

Јакимовски обвинува дека со возило на интервентна полиција се делат пари од дилери на дрога од Сарај за изборен поткуп

„Поголема количина пари од дилери на дрога од Сарај, денеска се земени за купување гласови во Карпош и тие средства се пренесени со возила на интервентата полиција. Овие информации ми се сигурни, добро е обвинителот кој е задолжен за оваа работа да нè исконтактира да му дадеме дополнителни информации. Карпошани не се сиромашни, сиромашни се само тие што се

сиромашни во духот“, истакна кандидатот за градоначалник на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, од ГРОМ на заедничката средба (на 23.10.2021) со независната кандидатка за градоначалник на Град Скопје, Данела Арсовска, поддржана од ВМРО-ДПМНЕ, со жителите на Жданец.
Ова се неколкуте изборни инциденти, закани и заплашувања кои фрлаат црна дамка на изборниот процес.

# Говор на омраза по партиска и етничка припадност

Во текот на вчерашниот ден, покрај тоа што се кршеше изборниот молк, на социјалните мрежи доминираше и говорот на омраза.




На Твитер е објавена фотографија од извесен профил Султана која сподели фотографија од прилепски Роми, поддржувачи на кандидатот за градоначалник на СДСМ, Горан Сугарески со коментар: ***„Колку вреди во евра сликава“. Дел од коменратите се: „циганарија“, „циганин сам ал најлепши“, „не знам колку вреди ама знам колку смрди“, „5 евра по ѓуптин“...***







Под објавата има низа на коментари со говор на омраза по етничка и партиска припадност. Ова се само дел од коментарите:

Ваквите објави предизвикуваат коментари со говор на омраза и етничка нетрпеливост. Често ваквите навредливи содржини може да предизвикаат и дела од омраза, особено ако се земе во предвид дека во Прилеп победи кандидатот за градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ, а гореспоменатите се подржувачи на СДСМ.
ЦИВИЛ повикува да се смират политичките страсти и да нема реваншизам по ниедна основа, ниту партиска, ниту етничка.



# Кршење на изборен молк, говор на омраза, манипулации со факти и директни закани против ЦИВИЛ

Објавата на Фејсбук страницата со навреда во сопствениот назив „Сајбер клуб лудата јоци" (Cyber Club Ludata Joci) е само една од стотиците објави во изборниот период. Ова е уште еден неславен пример на говор на омразата, манипулациите со фактите и директни закани против граѓанското општество. Фејсбук страницата Cyber Club Ludata Joci отворено и се заканува на организацијата ЦИВИЛ и ги повикува граѓаните да ги снимаат и фотографираат членовите на Мониторинг тимот на ЦИВИЛ и да им ги достават материјалите.




„Значи Македонци секаде каде ќе сретнете од мониторинг тимот на Цивил сликајте ги, снимајте ги и доставете ни ги прилозите ние јавно ќе ги објавиме. Секако анонимноста ќе биде строго застапена. Ви благодариме однапред! Македонци, гласајте за било кој само не за монструмите од СДС и ДУИ кои се најодговорни за ова обезличување, безредие и доминантно фашистичко владеење кое владее во северџанистан. Гласајте да им го расклинкаме и онака трулиот систем од внатре и да си ги вратиме суверенитетот, честа и достоинството назад!", стои меѓудругото во објавата.

Притоа, објавата претставува кршење на изборниот молк, што е казниво според законот, имајќи предвид дека оваа, како и низа други профили на социјалните мрежи, се дел од партиски структури кои со години спроведуваат црна кампања. Овој пост го споделиле неколку Фејсбук страници меѓу кои: ***„Поддршка за Премиерот Никола Груевски – никогаш не прифаќаме негова оставка", „Види Види", „Налет да се сторите", „Јован Кукузел"...***




ЦИВИЛ како и досега изборите ги мониторира и набљудува непристрасно и сè што е поврзано со ЦИВИЛ е транспарентно и достапно за јавноста.

# Шилегов: Лажна вест е дека син ми има сопственост на деловен простор во новоотворениот Ист Гејт, „привезокот“ Апасиев дообработува за газдата

Градоначалникот на Скопје и кандидат за уште еден мандат Петре Шилегов го демантира лидерот на Левица, Димитар Апасиев и вели дека неговиот син нема сопственост на деловен простор во новоотворениот Ист Гејт.

„За разлика од противкандидатката, јас веднаш отворено и експлицитно демантирам. Лажните вести нема да ви пројдат на овие избори. Како што веќе покажа, „привезокот" дообработува за газдата.
Скопјани не се наивни луѓе. Џабе ги потценувате.
Мојот син нема сопственост на деловен простор во новоотворениот East gate.
П.С. Вашата омраза кон сè што живее, нема да ја победи мојата љубов кон Скопје и скопјани!“, објави Шилегов на својот Фејсбук профил.
Лидерот на Левица, Димитар Апасиев без да приложи никакви докази, неколку часа пред да започне изборниот молк на Фејсбук и Твитер објави лажна вест дека синот на Петре Шилегов поседувал луксузен деловен објект во новоотворениот трговски центар Ист Гејт.

# Тензично во Кочани, уредник на еден портал се заканува со убивање

Мониторинг тимот на ЦИВИЛ пријавува дека се дојдени извештаи од набљудувачите на терен, како и од неколку граѓанки и граѓани за грубо кршење на изборниот молк и за притисоци и закани во Кочани.

Лидер на една политичка партија и пратеник од истата партија заедно со екипа на еден интернет портал го кршат изборниот молк, вршат притисок и се заканувaат на Ромите во Кочани, се вели во извештаите од теренот.
Лидерот на политичката партија во еден момент пред полициската станица во градот нервозно се обратил до граѓаните од ромска националност со зборовите: „видете ме добро, ние пак ќе се видиме, никој не ви се плаши“, откако неколку Роми му кажале дека не може со сила да ги натера да гласаат за нив.
Инаку, пратеникот и екипата од интернет порталот во иста кола денеска отидоа во ромското маало во Кочани, каде што ги снимаа граѓаните пред нивните домови. Штабот на една политичка партија всушност е дом на едно од лицата кои беа инволвирани во настанот, кој побара од пратеникот и новинарот да не го снимаат пред неговиот дом.
Уредникот на тој портал во едно вклучување во живо се заканил дека од Охрид директно оди во Кочани за да се пресмета со Ромите.
„Да видиме кој кого ќе убие, или тие нас или ние вас. Со едно 15 луѓе одам таму да видиме кои се тие. Ако треба и со тупаници ќе се пресметаме. Од никого не се плашиме“, вели уредникот на порталот.
Откако се пофалил дека со 15 силни луѓе оди во Кочани, по речиси еден час се појави видео каде што заедно со екипата на интернет порталот беше и лидерот на политичката партија и пратеникот.
ЦИВИЛ апелира до сите политички партии да ги смират страстите и да не го кршат изборниот молк, да не упатуваат закани и да не вршат притисоци само неколку часа пред гласање.
ЦИВИЛ бара надлежните органи да реагираат и да ги заштитат и да им овозможат на граѓаните слободно да го изразат своето гласачко право.

# Ромска „Јавна соба“ на Фејсбук со компромитирачки фотографии и видеа од жени и девојки Ромки

Ромска „Јавна соба“ се појави пред речиси два месеца на социјалната мрежа Фејсбук на која се објавуваат компромитирачки и експлицитни приватни фотографии и видеа на жени и девојки Ромки за истите да се деморализираат, обезвреднат, наврдуваат и бидат прикажани со прст.




На 21 август 2021 година на социјалната мрежа Фејсбук се појави фан страна која има над 1.600 следбеници (која намерно не ја објавуваме за јавноста за дополнително да не ги изложуваме на „јавен суд“), на која се објавуваат компромитирачки и експлицитни приватни фотографии и видеа од девојки Ромки.
На Фејсбук страницата исто така е објавен и повик за собирање на експлицитни фотографии и видеа од жени и девојки Ромки со цел нивно објавување, и како што е наведено во објавата, „јавно прикажување на „нечесните жени“. Исто така, администраторот на страницата во неколку објави ги прашува следбениците: „Сакате ли да го видите видеото без цензура на ...“

Од Иницијативата на жени на Шуто Оризари регираат и велат дека се згрозени од последните случаи на сексуално вознемирување на жени и девојки Ромки на социјалните мрежи и бараат од надлежните институции како што се МВР, ОЈО, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Агенцијата за заштита на лични податоци веднаш и итно да постапат по допрен глас и да ги елиминираат овие штетни практики кои имаат за цел да ги нарушат достоинството и угледот на жените Ромки!
„Заедно со пратеничката Љатифа Шиковска имавме средба со инспекторите од Министерството за внатрешни работи задолжени за сајбер криминал. Сакаме да Ве известиме дека по поднесеното барање, Министерството за внатрешни работи понатаму ќе започне истрага за ова кривично дело. На самите објави има приватни фотографии и видеа од Ромки кои што живеат во Република Северна Македонија, но и надвор од нашата држава. Сите објави на спорната Фејсбук – страница, предизвикува лавина од вознемирувачки коментари и говор на омраза од поединци, како и повици за јавен линч со што се повредува достоинството на Ромките чии фотографии се објавени“, велат од Иницијативата на жени на Шуто Оризари.
Но, во истата Фејсбук страница се споделуваат и политички содржини, односно поддршка за кандидатот за градоначалник на Шуто Оризари, Тефик Махмут од Левица, додека за неговите противкандидати има црна кампања и говор на омраза...
ЦИВИЛ го осудува овој грозоморен чин и во петок (08.10.2021) ја пријави Фејсбук страница во Министерството за внатрешни работи, Одделот за компјутерски криминал и Дигитална форензика и Основното јавно обвинителство за итно да преземат мерки, односно да ја изгаснат оваа страница и да ги откријат администраторите на страницата, и соодветно да ги санкционираат.

# „Левичарите“ се закануваат со „долги деветки“

„Војна тешко, но ова тло плаче за крвава револуција. Народот против власта, криминалот, транзициски тајкуни, европски п...и и невладини морони. Додека не се натопи земјата со нивна крв ние не мрдаме од слепа точка. Овака за правда само ќе сонувате“, гласи заканувачката порака на Твитер од извесен „Капетански дневник“.

Веројатно за ваквата заканувачка порака е инспириран од (индиректната) порака за војна на Јована Мојсоска од Левица која на Твитер објави цитат од „Диво месо“ дека „доста беше и ваков мир“. Пораката на Мојсоска ја споделил и Капетански Дневник, а истиот ден (на 14 април) посакал „да се натопи земјата со крв“ со неговите (политички) неистомисленици. Симпатизерот на Левица, очигледно буквално ја сфатил пораката на лидерот Димитар Апасиев кој пред извесно време вети дека „сите ќе ги стрела“. „Сарачини сака да лапа кешарица и да ми кажува што да мислам, што да пишувам и што да да сметам за „фејк њуз“. Сите ќе лапате долга деветка, живеам за тој ден“, се заканува Капетански Дневник.

Овој анонимен партиски бот е обична кукавица кој е силен само на тастатура и се крие зад лажен идентитет. Неговата (партиска) задача е да ги охрабрува и подбуцнува граѓаните на насилство. Затоа, бараме институциите, особено МВР, час поскоро да го најде „јунакот“ кој сака да создава немири во државата.






# И порноактерката Миа Калифа „вклучена“ во ширење на лажни вести, предрасуди и омраза




Слика од порноактерката Миа Калифа се користи за ширење на лажни вести и дезинформации, како и говор на омраза. Покрај сликата на поранешната порноактерка Миа Калифа (Mia Khalifa) е напишан текст: „Миа Јовановска од Студеничани Скопје освои прво




место за физика на европското првентство EUFIZ 2021, зошто ниту една телевизија не објавува вакви убави вести?“. Ваквата објава која има скоро 500 споделувања и стотици коментари, има за цел да ги доведе во заблуда корисниците







на социјалните мрежи и да предизвика гнев кон актуелната власт.

Благојчо Петровски коментира дека медиумите не објавуваат вакви „успешни и убави“ вести бидејќи Владата ќе треба да и даде стипендија, и ќе нема да има за „нивните деца“, при што Раде Митревски Македонски се надоврзува со прашање: „Зар имаме Влада“?, а креаторот на оваа лажна вест Владимир Пингов одговара на прашањето: „Немаме, само Димитров ќерка му си ја школуе“.

Оваа лажна вест се надополнува со говор на омраза. Лицето Драган Крајовски револтирано пишува тоа дека министерот ја прими на разговор „оро.... та“ што по костум за капење се сликала на Тик Ток... (инаку мисли на девојката што го крена гласот и јавно проговори за случајот „Јавна соба“ каде што се објавуваа(т) фотографии на девојки без нивна дозвола).

Додека Огнен Громов пишува: „Да беше шип.....ка три дена ќе ја величеа“.

Заслепени од омраза кон актуелната власт не е битно дали се работи за лажна вест, битно е да се критикува власта предводена од премиерот Зоран Заев.


Dragan Krajovski
Ама за ороспијата што се сликала по костим за капење на ТикТок ,организираа и фингиран протест и прием кај министерот,а за ова девојче камера не вклучија и една реченица не напишаа.
Ми се допаѓа · Одговори · 16 ч.
Rubin Divjakoski
Respekt Bravo
Ми се допаѓа · Одговори · 16 ч.
Ilija Boevski
Браво за девојчето а тоа што телевизиите не објавуват вакви убави и успешни достигнувања се должи на тоа дека моралните и културни вредности им се изместени
Ми се допаѓа · Одговори · 14 ч.
Климентина Нацева
HA HA HA HA
Ми се допаѓа · Одговори · 13 ч.
Ognen Gromov
Да е шиптарка , три дена ке ја величеа


slavka71 liked
Manekenka za 6XL
@saranoviceva
MOJA ĆERKA. LEPOTICA. Završila dva fakulteta prosek 10. Otišla iz Srbije zbog boljeg sutra, napustila porodicu, prijatelje. Na odlasku mi je rekla Mama ne želim da budem kao ti, da odvajam od usta kao ti zbog mene


Svetlana Simonoska
Па таквите како Миа покажуваат колку се глупи политичарите и газдите на медиумите и нормално тие да бегаат од неа и тие генијални умови како неа.
Ми се допаѓа · Одговори · 2 д.
Sase Serafimov
Svetlana Simonoska da genijalec, samo so se vika mija kalifa mesto Jovanovska
Ми се допаѓа · Одговори · 2 д.
Svetlana Simonoska
Без разлика дали се работи за Миа Калифовска или за Јовановска мислам дека фактот дека политичарите се кретени диригирани од Калето и Бонстил останува и не се менува. Ако политичарите не беа кретени тогаш една вејкрпа како зајко никогаш немаше да стане премиер. Од говедар го поставија цар на жална Македонија.
Ми се допаѓа · Одговори · 2 д.


Vladimir Pingov
2 д.
Ни на овој ни на тој свет со тебе.НЕМА ПРОСТУВАЊЕ за злото шо го нанесе .
Ќе платиш пичко скапана ,ај сега мрш!!!!!!
REPUBLIKA.MK
Заев честита Прочка: Внатрешното и меѓусебно помирување главен темел за гр...




Vladimir Pingov
1 д.
Кога ќе се смени власта, а ќе се смени оваа година, дечкиве од ВМРО, нека не заборават што праве СДСМ и како владеат.
Кога ќе почнат кривичните пријави кон функционири од СДСМ треба ВЕДНАШ ПРТИВОРИ, ама ВЕДНАШ, со исто како објаснување што прават денес, дека ќе се дадат во бегство па после нека плачат кај сакаат.
Ако не го прават тоа ВМРО треба да се уништи како партија еднаш засекогаш.... Види повеќе
1893 1990
ВМРО-ДПМНЕ
265
22 коментари 8 споделувања


Vladimir Pingov
2 д.
Љупче за вашето дупче
Bitolski
путер
200g
Имам визија путерот
со поминат рок да биде
за АНАЛНА УПОТРЕБА

Овој „успех на македонското девојче“ го објавиле и Македонска Народна Партија. Оваа лажна вест предизвика воодушевување и гордост кај македонските граѓани. Даниела Кален пишува дека треба да се објавува секој ден вакви позитивни вести, бидејќи доста и е од труење со политика. Објавата е своевиден плагијат, односно преземена од Србија, каде истата слика беше споделувана пред повеќе од еден месец со речиси идентичен придружен текст: „Миа Јовановиќ од ромската населба во Крагујевац освои прво место по физика на европско првенство. Зошто ниту една телевизија ова не го објави?“. Покрај многуте споделувања и коментари (особено на Ромите од Србија), оваа лажна вест ја сподели и српската пејачка Зорица Брунцлик.

Но, Србите се уште „покреативни“ во ширење на лажни вести и дезинформации, па за истата порно актерка објавиле фотографија и тест: „Мојата ќерка. Лепотица. Завршила два факултета со просек 10. Заминала од Србија заради подобро утре, напуштила семејството, пријателите. На заминување ми кажа ‘мамо не сакам да бидам како тебе, да одвојам од уста како што ти правеше за мене“.

Очигледно многу луѓе водејќи се според патриотските чувства подпаднале на ова лажна вест. Меѓутоа, повеќе од јасно е дека не се работи за сатира, туку за партиска пропаганда. Ако се погледне Фејсбук профилот на Владимир Пингов ќе се види дека речиси секоја објава му е против власта (користејќи и говор на омрааза), односно дека е член или симпатизер на опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ.

Со вакви аматерски и неоргинални (украдени објави) обиди не може да се сруши власта. Краткотрајни се ефектите, односно брзо е разобличена пропагандата која неумешно се затскрива зад сатирата. Ваквите лажни вести и дезинформации колку и да изгледаат небитни, сепак имаат за цел да ја разнишат довербата во институциите и да внесат раздор, предрасуди и омраза меѓу луѓето.

# Шампиони во олимписка дисциплина – лажни вести, кој патувал а кој не во Токио на државна сметка?

На Фејсбук страницата „Полн Погодок“ е објавен наводен список со патници во Токио, Јапонија на Олимписките игри 2020. „Полн Погодок“ е всушност сајт за спортски вести, меѓутоа оваа „скандалозна вест“ како што ја насловија „Пикник во Токио“ на ФБ страницата, не е објавена на нивната официјална вебстрана polnpogodok.com. Последната вест на нивниот сајт е објавена на 5 јули со наслов: „Список на играчи за претквалификации за мундијалот: Селекторот Бајиќ ќе ги провери сите расположливи сили за сениорскиот национален тим“. Покрај известувањето за тоа дека дел од патниците на ОИ во Токио си ги зеле и сопругите, администраторите на Фејсбук страницата не пропуштиле прилика да упатат и политичка порака: „Пак да ги гласате“.



„Не е проблем што отишле проблем е што се дрзнале на спортски државни пари да шеткаат, зошто сите овие имиња се за жалење и се буткаат по управни одбори и ако добро се сеќавам Димевски Даниел многу умешно ги издрибла сите делегати кои го гласаа, мада втората опција беше очај, тука низ Токио се сите, Зекири, пошто имаат право дека се во управен одбор, горска, ќерка му на горска каде сега свадба се спрема со малиот на дајнерс за да врват работите низ спортот и така, жените обавезно, АМС секако советниците како и советникот за спорт на премиерот како и НАУМЧЕ И НЕГОВАТА ПОУБАВА ПОЛОВИНА“, стои во објавата на Фејсбук страницата на „Полн погодок“.

Истата дезинформација е објавена и на порталот Република, при што Претседателот Стево Пендаровски испрати демант дека се работи за лажна вест.
Исто така, и генералниот секретар на Владата на РСМ, Мухамед Зекири, демантира дека бил во Токио и побара јавно извинување од новинарот Боби Христов од ТВ Телма, кој искоментирал во оваа насока во коментар на неговиот личен Фејсбук профил.
Инаку „Полн Погодок“ е спортска емисија која беше емитувана на ТВ Сонце, а за истата емисија ја промовираа и OffNet во 2016 година.
Ова е само уште една индикација дека не се бираат средства за испраќање на политички пораки преку лажни вести и дезинформации. Очигледно овој наводен „спортски скандал“ има за цел да испрати порака да не се гласа за актуелната власт на претстојните локални избори. Едноставно, одредени структури и играчи се „шампиони во олимписките дисциплини – лажни вести и дезинформации“ или лесно „паѓаат“ на нив.

**Мониторинг тим на ЦИВИЛ**

Покрај овој список колега,има уште еден "интерен" на кој се пишани и веќе заминати во Токио,сместени во ВИП Хотел на трошок на МОК и буџетски средства од Агенција за Млади и Спорт отприлика 12 луѓе кои НЕМААТ никаква допирна точка со Олимписки Врвен Спорт.
П.С. Освен институција Премиер и Претседател кои добиваат службена покана за присуство од организатор,никој друг Нема никаква покана ни работна должност за време на ОИ.

ЗА ОВА ЛИ СЕ РАБОТИ ДА СЕ ПРОШЕТАТЕ, ИЗБОРИ ИДАТ, ЌЕ ИМ КАЖЕТЕ КАКО ПРОШЕТАВТЕ ДО ТОКИО ЛИ... ВАКА ЛИ СПОРТОТ ЌЕ ГО ОПРАВАТЕ, ЗА ОВА ЛИ ГИ УФРЛИВТЕ СИТЕ ПО УО, ВИ КАЖАВ ДЕКА СЕ БУТААТ СО ЦЕЛ ДА СЕ ШТИТАТ И ДА ВРВАТ БИЗНИС ИНТЕРЕСИТЕ, ТЕК СЕГА ДОБИВА НА ТЕЖИНА ОНОЈ ЛАЈВ ПОСЛЕ СРАМНИОТ ИЗБОР ПРИ МОК ДЕКА СПОРТОТ ГО ДОЖИВЕА НАЈГОЛЕМИОТ РЕЗУЛТАТ, ОВА Е ПРОИЗВОД НА ТОА...

Претседателе Пендаровски и вие сте на удар индиции дека од кај вас, или место вас два пара заминале натака на пикник, со која цел, не ли е малку срамота да имаме повеќе туристи од спортисти на едни олимписки игри...

ПАК ДА ГЛАСАТЕ
ПАК ДА ГИ ГЛАСАТЕ
ПАК ДА ВЕРУВАТЕ СЕГА ЌЕ БИДЕ

сериозно индиции има дека на прчење калабастер низ ТОКИО ДРИФТ на ОИ во екскурзија покрај старите неуништливи кои сметаат дека само они треба да се во МОК таму се види список, како ми е пратено така и го објавувам...

- DIMEVSKI DANIEL
- DIMITAR KOSTADINOV-GORSKA PREVARANTOT TEZOK SO SIN MU PLUS
- SASHO POPOVSKI
- VLADIMIR BOGOEVSKI- SPORTSKI PENZIONER I SPORTSKI DIREKTOR BEZ OBVRSKI I SIN MU
- SHABAN SEJDIU
- TINEX, VERO,
-NAUMCE MOJSOSKI SO ZENA MU
-SERGEJ SAMSONENKO so ZENA MU Nov clen NA UO MOK
- VASKO KOVACESKI ELEM
-NA MESTOTO SHTO OTKAZA PREMIEROT OTIDENI SE TROJCA OD KABINET U VIP HOTEL KOJ GO PLAKA MOK
- PET LUGE OD KABINET NA PRETSEDATEL NA DRZAVA U ISTIOT VIP HOTEL KOJ GO PLAKA MOK !!!!









ЦИВИЛ го набљудуваше изборниот процес како компонента во други проекти и тоа: „Европски перспективи“ со поддршка од Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, „Граѓански објектив“, поддржан од Националната фондација за демократија (National Endowment for Democracy) и институционалната поддршка на организацијата од Програмата Цивика Мобилитас, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

Организацијата им благодари на сите набљудувачи, соработнички и соработници кои дадоа несебична поддршка и посветено работеа на спроведување на изборниот мониторинг. Голема благодарност и до огромниот број граѓанки и граѓани кои ја искажаа својата поддршка и доверба за ЦИВИЛ.

Ставовите изнесени во оваа публикација се одговорност на ЦИВИЛ и на авторките и авторите и не ги одразува ставовите на донаторите.

CIVIL

Botschaft
der Bundesrepublik Deutschland
Skopje

NED
NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

CIVICA MOBILITAS




CIVIL

Botschaft der Bundesrepublik Deutschland Skopje

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

CIVICA MOBILITAS

ISBN-10: 608-4815-34-0
ISBN-13: 978-608-4815-34-1
EAN: 9786084815341